Врз основа на член 24 став 1 алинеја 3 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија" број 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број бр. 92 од 26.4.2021 година), а во врска со член 71 став 1 од Законот за заштита на лични податоци (Сл. весник бр.42 од 16.02.2020 година) и Правилникот за известување за обработка на лични податоци со висок ризик (Сл. весник бр.122 од 12.05.2020 година), Директорот на Агенцијата за електронските комуникации на Република Северна Македонија го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ СО ВИСОК РИЗИК КОИ СЕ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

**Член 1**

Со овој правилник се одредуваат основите за дефинирање на обработката на личните податоци со висок ризик кои се во надлежност на Агенцијата за електронски комуникации, постапката на известување до Агенцијата за заштита на лични податоци, формата и содржината на известувањето, како и за евиденцијата и пријавувањето на промени на збирките на лични податоци со висок ризик.

## Основа за дефинирање на висок ризик

**Член 2**

За да се утврди која обработка на лични податоци ќе резултира со висок ризик по правата и слободите на субјектите на лични податоци се спроведуваат проценките на влијание на заштитата на личните податоци согласно усвоената „Методологија за проценка на влијанието на заштитата на личните податоци на АЕК". Раководителите на организационите единици (Сектори/Служби) заедно со офицерот односно замениците офицери за заштита на лични податоци ги вршат проценките и ги ажурираат истите редовно применувајки ја Методологијата за проценка на влијанието за заштита на личните податоци.

По спроведените проценки и утврдување кои операции на обработка на лични податоци ќе резултираат со висок ризик се спроведува постапка на имплементацијата на соодветни технички и организациски мерки за ублажување на ризиците согласно Правилникот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност, заштита и безбедност на обработката на личните податоци.

Во случај и по спроведените мерки од став 2 на овој член да се оцени дека обработката на личните податоци резултира со висок ризик , се пристапува кон следниот чекор, а тоа е известување на Агенција за заштита на личните податоци ( во понатамошниот текст АЗЛП) за соодветните операции и збирки на лични податоци со висок ризик.

Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст: АЕК) како контролор ќе ја извести Агенцијата за заштита на лични податоци во случај кога при користење на технологии за некој вид на обработка, земајќи ги во предвид природата, обемот, контекстот и целите на обработката на лични податоци, постои веројатност истата да предизвика висок ризик за правата и слободите на субјектите на лични податоци.

**Форма и содржина на известувањето**

**Член 3**

Офицерот за заштита на лични податоци има обврска да ја извести АЗЛП за констатираните збирки за обработка на лични податоци кои се категоризирани како збирки со висок ризик на Образецот на Известувањето за обработка на лични податоци со висок ризик кој е составен дел на овој Правилник (Образец бр.1).

**Начин на известување на АЗЛП за обработка на лични податоци со висок ризик**

**Член 4**

**Пријавување на збирки на лични податоци со висок ризик**

Збирки на лични податоци со висок ризик се пријавуваат на веб страната на АЗЛП, во делот Евиденција на збирки со висок ризик. Во оваа секција на веб страната, АЕК како контролор се најавува преку сопствениот кориснички профил кој е претходно регистриран во Агенцијата за заштита на лични податоци.

Откако ќе се најави со својот кориснички профил, АЕК треба да ги внесе збирките на лични податоци со висок ризик, во делот за Збирки и електронски да ги пополни сите информации од Образецот на известувањето. Оваа постапка се изведува од страна на АЕК заради евидентирање во Евиденцијата на збирки на лични податоци со висок ризик од страна на АЗЛП..

Во случај на промена на податоци за контролор или назначување на ново лице за Офицер за заштита на лични податоци, АЕК ја известува АЗЛП на следната мејл адреса: info@privacy.mk. По разгледување на барањето АЗЛП праќа конфирмациско писмо до АЕК како контролор, како потврда за одобрување на промените. АЕК го пополнува електронски конфирмациското писмо и го отпечатува. Отпечатеното конфирмациско писмо, АЕК го заверува со печат и потпишано од директорот или од одговорното лице го испраќа веднаш со препорачана пратка до АЗЛП.

**Пријавување на промени во евиденцијата на збирки на лични податоци со висок ризик**

**Член 5**

АЕК за секоја промена во збирките на лични податоци со висок ризик, која може да настане при исправка или бришење на личните податоци од збирката, ограничување на обработка на личните податоци или дополнување на лични податоци во збирката на лични податоци со висок ризик или пак друг вид на промена кој бил евидентиран при ревидирање на извршената проценка на влијанието на заштитата на лични податоци писмено ја известува АЗЛП во рок од 30 дена од денот на настанување на промената.

**Член 6**

Во случај на престанување на својството на контролор согласно прописите за заштита на лични податоци, АЕК писмено ја известува АЗЛП во рок од 15 дена од денот на престанување на својството контролор.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 7**

Овој Правилник за известување за обработка на лични податоци со висок ризик влегува во сила со денот на донесувањето и се објавува на огласната табла на АЕК

Наш број 0201-2392/1

Скопје, 23.08.2021

**Агенција за електронски комуникации**

**Директор**

**Jeton Akiku**

**Образец бр.1 – Известување за обработка на лични податоци со висок ризик**
Врз основа на член 71 став 1 од ЗЗЛП, АЕК ви го доставува следното Известување:

| | | |
|---|---|---|
| 1.1. | Назив на контролор | |
| 1.2. | Даночен број | |
| 1.3. | Шифра на дејност | |
| 1.4. | Организациска форма | |
| 1.5. | Општина | |
| 1.5. | Населено место | |
| 1.6. | Контакт-телефон | |
| 1.7. | Електронска пошта | |
| 1.8. | Факс | |
| 1.9. | Веб страна | |
| 1.10. | Одговорно лице | |
| 1.11. | Офицер за заштита на лични податоци | |
| 1.12. | Контакт - телефон | |
| 1.13. | Електронска пошта | |
| 1.14. | Работно место или број и датум на ангажирање | |
| 2. | Назив на збирката на податоци со висок ризик | |
| 3. | Цел на обработка | |
| 4. | Правна основа за воспоставување збирка на лични податоци | |
| 5. | Опис на категориите на субјектите на личните податоци и на категориите на лични податоци кои се однесуваат на нив | |
| 6. | Категориите на корисници на кои се, или ќе бидат откриени личните | |

| | | |
|---|---|---|
| | податоци, вклучувајќи корисници во трети земји или меѓународни организации | |
| 7. | Рок на чување на личните податоци, односно предвидените рокови за бришење на различните категории на лични податоци | |
| 8. | Пренос на личните податоци во трета земја или меѓународна организација | |
| 9. | Општ опис на преземените технички и организациски мерки за обезбедување на безбедност на личните податоци | |
| 10. | Број и датум на Проценката на влијанието на заштита на личните податоци | |